**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за внатрешна организација на**
**Службата на Собранието на Република Македонија**

**Скопје, јуни 2012 година**

Врз основа на член 40 и 41 од Законот за Собранието на Република Македонија("Службен весник на Република Македонија"бр.104/2009) и член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/2008 и 119/10 ), Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 14. 06. 2012 донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за внатрешна организација на**
**Службата на Собранието на Република Македонија**

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија (бр. 01-2160/2 од 14.05.2010 година и бр.01-5214/1 од 27.12.2010) во член 8 , точка 8.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ, во насловот во потточката 8/2, по зборот "евроинтеграциите", се додаваат зборовите "и ЕУ Центарот".

Во точка 14.ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА - ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ, во точката 14.1.во насловот на секторот зборовите: „СЕКТОР ЗА ОПШТИ АНАЛИЗИ И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ„ се заменуваат со зборовите „СЕКТОР ЗА ОПШТИ АНАЛИЗИ, ИСТРАЖУВАЊА И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ„.

Во потточката 14.1/1. Во насловот на Одделението зборовите „Одделение за правни анализи" се заменуваат со зборовите „Одделение за правни анализи и истражувања“

Во потточка 14.1/2. Во насловот на одделението зборовите : „Одделение за анализи од областа на општествените науки “ се заменуваат со зборовите „ Одделение за анализи и истражувања од областа на општествените науки„.

Во точка 14.2. во насловот на секторот зборовите „СЕКТОР ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗА КОМУНИКАЦИЈА/ЗА ИСТРАЖУВАЧКА БИБЛИОТЕКА И ЗА ЗАКОНОДАВНА АРХИВ“ се заменуваат со зборовите „СЕКТОР ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗА КОМУНИКАЦИЈА/ЗА ИСТРАЖУВАЧКА БИБЛИОТЕКА И ЗА ЗАКОНОДАВНА АРХИВА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ".

Во потточка 14.2/1. Во насловот на одделението зборовите „Одделение за едукација и комуникација “ се заменуваат со зборовите „Одделение за едукација и комуникација во Парламентарниот институт".

Во потточка 14.2/2. Во насловот на одделението зборовите „Одделение за истражувачка библиотека и за законодавна архива “ се заменуваат со зборовите „Одделение за истражувачка библиотека и за законодавна архива во Парламентарниот институт".

**Член 2**

Во член 17 став 3 по зборот "евроинтеграциите", се додаваат зборовите "и ЕУ Центарот".

**Член 3**

Во член 23 во став 3 зборовите „СЕКТОР ЗА ОПШТИ АНАЛИЗИ И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ„ се заменуваат со зборовите „СЕКТОР ЗА ОПШТИ АНАЛИЗИ, ИСТРАЖУВАЊА И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ„, зборовите „Одделение за правни анализи„се заменуваат со зборовите„Одделение за правни анализи и истражувања„ и зборовите „Одделение за анализи од областа на општествените науки" се заменуваат со зборовите„ Одделение за анализи и истражувања од областа на општествените науки".

Во став 4 зборовите „Сектор за едукација и за комуникација /за истражувачка библиотека и законодавна архива“ се заменуваат со зборовите „ Сектор за едукација и за комуникација/за истражувачка библиотека и за законодавна архива на Парламентарниот институт“,зборовите „Одделение за едукација и за комуникација„ се заменуваат со зборовите „Одделение за едукација и комуникација во Парламентарниот институт“.

Во став 5 зборовите „Одделение за едукација и за комуникација„ се заменуваат со зборовите „Одделение за едукација и комуникација во Парламентарниот институт“.

Во став 6 зборовите„Одделение за истражувачка библиотека и за законодавна архива “се заменуват со зборовите „Одделение за истражувачка библиотека и за законодавна архива во Парламентарниот институт“.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила по претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација, и објавувањето на ВЕБ страната на Собранието на Република Македонија.

Број 01-2839/1
18.06 2012 година
Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Жарко Денковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ